**Министерство за транспорт и врски**

# ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги

**Усогласеност со Програмата на Владата:** Да

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** Да

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:** На првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** Не

**Итност на материјалот:**

**Прилог:** Предлог на закон

**Дата на доставување на материјалот:**

Јули, 2011 година

**Министер за транспорт и врски,**

**Миле Јанакиески**

Република Македонија

Министерство за транспорт и врски

---

# Предлог на
# Закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги

Скопје, јули 2011 година

**1.Осврт по материјалот:** Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги се врши усогласување на законот со Законот за јавните службеници, во делот на одредбите кои го уредуваат прашањето за правата и одговорностите на вработените лица во Агенцијата за поштенските услуги.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**

.

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Предлогот на законот е доставен на мислење на 18.07.2011 година на: Министерство за правда, Министерство за информатичко општество и администрација, Секретаријат за законодавство и Агенцијата за пошти.

**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**

Се препорачува Владата да го разгледа и утврди текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги и истиот да го достави до Собранието на Република Македонија за разгледување и усвојување.

**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Нема

**6. Очекувани влијанија:**

**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**

Нема

**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

Текстот на предлогот на законот ќе биде објавен на ВЕБ страната на Министерството за транспорот и врски.

## ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги | Министерство за транспорт и врски |
| 3. Цел на предлогот:<br>Усвојување на законот | 4. Вид на предлогот:<br>Закон |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Димитар Буковалов, Раководител на сектор | 6. Контакт телефон/факс или е-пошта:3145-536 |
| 7. Активност: | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) | Регулатива во врска со ЕУ | ( ) | Нова програма | ( ) | Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| | ( ) | Друга нова регулатива | ( ) | Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) | Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/предложена активност:

10. Врска со Владината програма:

| 11. Фискални импликации | (Во МКД) 2011 | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Ѓ. Нето импликации на средствата на органот: (В-Г)<br>▪ Плати<br>▪ Стоки и услуги<br>▪ Капитал<br>▪ Трансфери | | | | |
| ВКУПНО: | **0** | **0** | **0** | **0** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Е. Зголемување/намалување на приходите | | | | |
| Ж. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:_________________________ | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. Нето зголемување/намалување на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13. Какви гаранции заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11А до 11Е) | | | | |

| | |
|---|---|
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение: | |
| 15. Дата на завршување на проценката: | |
| 16. Дата на поднесувањето на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | |
| 18. Измени побрани од Министерството за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството – Предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | |

22. Одобрено/Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година | ------------------------------------ | Датум: ден/месец/година |
| Потпис на државен секретар/<br>Директор на државен орган | 19.07.2011 | Потпис на Министер | 19.07.2011 |

## В О В Е Д

### I ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДАТ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Имајки ја предвид обврската содржана со преодните одредби на Законот за јавни службеници за усогласување на посебните закони со овој закон, произлезе потребата од изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги. Имено, со член 21 од Законот за поштенските услуги е утврдено формирање на стручна служба во состав на Агенцијата за пошти. Вработените во стручната служба, со оглед на тоа дека вршат работи од јавен интерес, согласно Законот за јавните службеници треба имаат статус на јавни службеници, заради што е неопходно изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги.

### II ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на изменувањата и дополнувањата на законот е негово усогласување со Законот за јавните службеници.

Предлогот на законот се заснова на истите начела врз основа на кои е донесен Законот за поштенските услуги.

### III ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Оедбите од предлогот на Законот не имплицираат финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија и другите јавни финансиски средства.

### IV ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Законот не е потребно обезбедување на посебни финансиски средства, ниту предложените измени и дополнувања од Законот повлекуваат материјални обврски за одделни субјект

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ број 158/2010), во членот 21 став (1) зборовите “согласно со Законот за работните односи“ се бришат.
Став (2) се брише.

Член 2

По член 21 се додаваат четири нови члена 21-а, 21-б), 21-в) и 21-г) кои гласат:

“Член 21-а

(1) Лицата вработени во стручната служба на Агенцијата кои вршат работи од јавен интерес утврдени со актот за систематизација на работите и задачите на Агенцијата, имаат статус на јавни службеници.

Член 21-б

(1) Во стручната служба на Агенцијата може да се вработи лице кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани со Законот за јавните службеници како и другите услови пропишани со актот за систематизација на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата. Стекнувањето статус на јавен службеник како и вработување на повисоко работно место од претходносто се врши на начин и постапка пропишани со Законот за јавните службеници.
(2) За пополнување на слободно работно место за вршење работи од јавен интерес во стручната служба на Агенцијата, директорот на Агенцијата донесува одлука за потреба од вработување на јавен службеник во стручната служба.
(3) Со одлуката од став (2) на овој член се пропишува дали пополнувањето на слободното работно место во стручната служба се врши преку вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, објавување на интерен оглас, распоредување од вработените јавни службеници или преземање на јавен службеник од друга институција.
(4) Доколку пополнувањето на слободното работно место се врши по пат на објавување на јавен оглас, директорот на Агенцијата доставува барање до Агенцијата за администрација заради објавување на јавен оглас за вработување.
(5) Објавувањето на огласот од став (4) на овој член и спроведување на постапката за избор се вршат согласно одредбите на членовите 17, 17-а, 17-б, 18 и 18-а од Законот за јавните службеници.
(6) Во случаите кога пополнувањето на слободното работно место се врши по пат на објавување на интерен оглас, интерниот оглас се објавува на веб страната на Агенцијата. Огласот содржи податоци за работното место кое треба да се

пополни, посебните услови утврдени со  член 15 и 19 од Законот за јавните службеници, условите пропишани во актот за систематизација на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата кои треба да ги исполни јавниот службеник и рокот за пријавување.

Член 21-в

(1) Јавен службеник вработен во стручната служба на Агенцијата кој има соодветно образование, потребно работно искуство во струката и ги исполнува и другите услови утврдени во актот за систематизација на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата, по потреба на Агенцијата или по негово барање може да се распореди на друго работно место согласно актот за систематизација на работите и задачите, или да се преземе во друга институција ако за тоа има негова согласност и согласност на одговорните лица на институциите.
(2) Вработен во стручната служба на Агенцијата кој нема статус на јавен службеник, а има соодветно образование, потребно работно искуство и ги исполнува и другите услови утврдени во актот за систематизација на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата, по потреба или по негово барање, по претходно положен испит за јавен службеник може да биде распореден на работно место со соодветно звање во стручната служба на Агенцијата и да се стекне со статус на јавен службеник.
(3) Лицата кои за прв пат се вработуваат во стручната служба на Агенцијата и лицата кои се вработуваат на повисоко работно место од претходното во стручната служба на Агенцијата, задолжително извршуваат пробна работа. Пробната работа за избраниот кандидат за јавен службеник со високо образование трае 12 месеци, а за избраниот кандидат со средно образование и лицето кое се вработува на повисоко работно место од претходното, пробната работа трае шест месеци.
(4) За начинот на вршење на пробната работа и вработувањето на избраните лица од став (3) на овој член се применуваат одредбите од член 21-в на Законот за јавните службеници.

Член 21-г

(1)За правата, должностите и одговорностите (дисциплинска и материјална одговорност) на јавните службеници во стручната служба на Агенцијата, нивното оценување, како и престанокот на вработување и заштитата и одлучувањето за правата и обврските на јавните службеници се применуваат одредбите од Законот за јавните службеници.
(2) Против донесени решенија за престанок од вработување на јавните службеници во Агенцијата и против другите првостепени решенија со кои се одлучува за правата и обврските од работен однос, јавните службеници вработени во Агенцијата имаат право на жалба во рок од осум дена од приемот на решението, до Агенцијата за администрација.“

Член 3

Статутот и актот за систематизација на работите и задачите во стручната служба на Агенцијата ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

Предложените изменувања и дополнувања на одделни одредби од законот имаат за цел усогласување на законот со Законот за јавните службеници.

Од овие причини со предлогот се врши изменување и дополнување на законот со одредби во членот 21 од Законот со кои се регулира статусот на вработените лица во стручната служба на Агенцијата за пошти.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија практично претставуваат изменување и дополнување и доразработка на постојните одредби од Законот со цел да се овозможи нивна усогласеност со Законот за јавните службеници.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се регулира статусот на лицата вработени во во стручната служба на Агенцијата за пошти.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**Член 21**

**Организација и вработување во Агенцијата**

(1) За вршење на работите на Агенцијата се формира стручна служба чија внатрешна организација, делокруг на работа и услови за вработување поблиску се уредуваат со актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите, согласно со Законот за работните односи.

(2) Одредбите од Законот за државните службеници не се применуваат на вработените во Агенцијата.

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Димитар Буковалов<br>3 145 442 |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | август 2011 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | нема |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

Неусогласеност со Законот за јавните службеници.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки на закони би можеле да се разгледаат?

Измени и дополнувања на законот заради усогласување со Законот за јавните службеници.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Агенцијата за пошти.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Законот за јавните службеници според кој е пропишана обврска за усогласување на посебните закони во кои се вршат работи од јавен интерес.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Нема дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?
   Не.

| **Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**<br>(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија) |
|---|

<u>В. Временска рамка</u>

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   Активностите  започнаа во мај 2011 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   Нема потреба од вклучување на надворешни консултанти.
3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

   Во јули 2011 година

<u>Г. Ресурси</u>

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

**Наслов на предлог законот:**
Предлог на Закон за изменување и дополнување на
Законот за поштенските услуги

**Министерство / Лице за контакт/одговорно лице:**
Министерство за транспорт и врски, Димитар Буковалов, Лилјана Поповиќ тел. 3 145 410

**Очекуван датум за усвојување на предлог законот:**
август  2011 година

**Поврзаност со ЕУ директиви**
*Нема*

**<u>Образец бр. 2</u>**

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Опис на проблемите**

Со донесувањето на Законот за јавните службеници и измените и дополнувањата на истиот, произлезе потребата од усогласување на одредбите од Законот за поштенските услуги со овој закон, заради регулирање на статусот на вработените во Агенцијата за пошти како јавни службеници.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Со предложените решенија во Предлогот на законот ќе се овозможи усогласување на Законот со Законот за јавните службеници.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**
**Предложено решение (опција):**
**Опис:**

Со Предлогот на законот не се идентификувани трошоци.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни
- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

3. **Ризици и претпоставки**

Доколку не се донесат измени и дополнувања на законот, истиот ќе биде во спротивност со Законот за јавните службеници.

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| **Влијание врз правата на граѓаните** | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации
Предлогот на законот е доставен за мислење до Секретаријат за законодавство, Министерството за правда, Министерство за информатичко општество и администрација и Агенцијата за пошти.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | НЕ |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *име и презиме на министерот,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................................ Датум: